Зелкова Совица – Mamestra brassicae

Зелковата совица (Mamestra brassicae) е значаен штетник кај зелката. Зелковите совици, наречени уште и лисни зелкови совици, припаѓаат во групата на ноќни пеперутки. Зелковите совици всушност се гасеници на ноќните пеперутки, кои го гризат листот на зелката по што го добиле името.



Сл.1: Зелкова совица - имаго



Сл.2: Зелкова совица - ларва

Гасениците се зелени или смеѓи со големина до 40 мм. Покрај исхраната со листот, се вбушуваат во главицата на зелката притоа правејќи ходници кои се загадени со измет, па таквите главици се неупотребливи. Зелковите совици имаат 2-3 генерации годишно. Презимуваат во почвата во стадиум на кукла. Првата генерација се храни во текот на јуни, втората и евентуално третата генерација се појавува кон крајот на август и септември, кога прават штета кај доцната зелка.



Сл.3: јајца од зелкова совица



Сл.4: штети од зелкова совица

Женката ги полага јајцата на лицето на листот во легла од 20-150. Бидејќи за развој на јајцата потребно е доста влага, поголеми напади се јавуваат кај посевите што се наводнуваат, интензивно се ѓубрат со азотни ѓубрива или пак се одгледуваат во заштитен простор. За сузбивање на зелковите совици неопходно е да се применуваат, како превентивни, така и директни мерки. Како основна превентивна мерка за сузбивање на зелковите совици се препорачува есенско длабоко орање. Со оваа мерка може да се уништат куклите во почвата и до 80 %. Исто така, треба редовно да се сузбиваат плевелите, бидејќи женките ги користат како дополнителен извор за храна и за полагање на јајцата. Од директните мерки најзначајна е примената на хемиски мерки за сузбивање. Мониторинг на ноќните пеперутки и нивното

летање може да се прави со помош на ловни лампи или феромонски стапици, како и со преглед на растенијата, на овој начин се проценува интензитетот на нападот и потребата од третирање со инсектициди. За хемиските мерки да бидат поефикасни, треба да се употребуваат инсектициди во почетните стадиуми на развој. Инсектициди најчесто се употребуваат во втората половина на август и почетокот на септември.

Одделение за регион Скопје
Дипломиран инж. агроном Зорица Јанкуловска Мицковска